УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

08

2019-2021

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски" – Скопје
Примено: 10. 10. 2019
142/2

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ХРИСТИЈАНСКА ПЕДАГОГИЈА И МЕТОДИКА НА РЕЛИГИСКАТА НАСТАВА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ**

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер" на 28.06.2019 година, број 17063 за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за предметите: христијанска педагогија (шифра ПБФ 740) и христијанска методика на наставата (шифра ПБФ 810), Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на својата II редовна седница, одржана на 13.06.2019 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Анета Баракоска – редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски – редовен професор на Православниот богословски факултет во Скопје и проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ – вонреден професор на Православниот богословски факултет во Скопје.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само д-р Анета Јовковска, асистент на Православниот богословски факултет во Скопје. Кон пријавата, таа ги поднесе потребните документи согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

## 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Анета Јовковска е роден на 19.11.1978 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје.

Во учебната 2000/01 година дипломирала на Православниот богословски факултет во Скопје со просечен успех 8,92. Во 2011 година завршила специјалистички студии по методика на религиската настава на Факултетот за Образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Откако ги положила испитите со просечна оценка 9,16, успешно го одбранила специјалистичкиот труд: „Дидактички аспекти на православното христијанско образование" и се стекнала со научен назив професор – специјалист по методика на наставата по религиско образование. Во 2012 година магистрирала на Институтот за Психологија при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Откако ги положила испитите со просечна оценка 8,20, успешно го одбранила магистерскиот труд: „Критериуми за оценување на *постигнувањата на учениците од основно училиште кај наставници со различни* стилови на работа" и се стекнала со научен степен магистер на психолошки науки. На 10 јуни 2015 година докторирала на Филозофскиот факултет при

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема: „Образованието, духовноста и вредносните ориентации кај адолесцентите“ и се стекнала со научен назив: доктор по педагошки науки – теориско-компаративна педагогија.

Од септември 2017 година, д-р Анета Јовковска започнала едукација во Гешталт центарот „Младен Костиќ – Аспекти“ во Скопје, акредитиран од Европската акредитација за гешталт психотерапија (ЕАГТ).

Од 01.02.2009 година до денес, д-р Анета Јовковска работи на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, каде што Наставно-научниот совет најпрво ја избрал за помлад асистент (2009), потоа за асистент (2012) и во 2015 година за доцент по предметите: христијанска педагогија и методика на религиската настава.

## 2. Оцена на научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Д-р Анета Јовковска успешно и посветено ја изведува наставата на Православниот богословски факултет во Скопје, по предметите: *христијанска педагогија, христијанска методика на наставата* и *дидактика со педагошка психологија*. Изборниот предметот: *ислам* го предаваше до учебната 2017/18, а до учебната 2018/19 го предаваше и изборниот предмет: *библиско и светоотечко учење за воспитанието*.

За реализација на наставата по сите наведени предмети, д-р Анета Јовковска има креирано соодветни материјали и интерни скрипти за предавања и вежби.

Д-р Анета Јовковска наставната работа ја врши со ентузијазам и ангажираност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои е избрана. Сите активности поврзани со наставната дејност ги завршува со задоволство, точно и компетентно.

Во поглед на наставната дејност, кандидатката добива високи позитивни оценки од евалуацијата спроведена на Православниот богословски факултет во периодот од 2014 до 2019 година.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност од **66,5** поени точно покажуваат колкав е ангажманот на д-р Анета Јовковска во **наставно-образовната дејност.** Имено, д-р Анета Јовковска дури за трипати ги надминува по оваа основа предвидените критериуми (минимум 20 поени) согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

### 2.2. Научно истражувачка дејност

Во делот на научно истражувачката работа во изминатиов период, д-р Анета Јовковска го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во дисциплините за кои беше избрана за асистент.

Во Извештајот одвојуваме неколку оригинални научни труда, кои ни се чинат позначајни, кои д-р Анета Јовковска ги објавила во повеќе научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се

индексирани во неколку електронски бази на списанија, односно во: EBSCO HOST, SCOPUS, и SJR - Scimago Journal-Q4, како и трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор:

- Jovkovska, A., Barakoska, A. (2014). *The role of Education in the formation of values and value orientations among adolescents.* (IJCRSEE) International Journal of Cognitive Research in science, engineering and education. Vol. 2, Issue.2, December 2014 (21-28).
- Јовковска, А. (2015). Територија на согласност помеѓу современата и православната педагогија во однос на духовното образование. *Годишен зборник. Книга 20.* Православен богословски факултет, Скопје (219- 236).
- Jovkovska, A. (2015). *Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents*, LAP - LAMBERT Academic Publishing, ISBN-10: 9783659813016, ISBN-13: 978-3659813016; ASIN: 365981301X, 248 pages.
- Jovkovska, A. (2016). The Contribution of Multi-Cultural and Interreligious Education in Spiritual, Moral and Cultural Development of Students. *Internacional Journal for Education Research and Training (IJERT) Volume 2, Issue 1*, November 2016 ISSN 1857-9841 (Printed) ISSN 1867-985X (Online). Eds. Kostov B., Barakoska A., Tomevska-Ilievska E., Tasevska A., Rizova E. Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij", Filozofski fakultet, Institut za Pedagogija, Skopje UDK: 37.035:316.723-021.463(497.7) pages (17-30).
- Јовковска, А. (2016). Воспитното значење на Светиклиментовите слова и поуки. *Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата. Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови.* Православен богословски факултет, Скопје (231-248).
- Илиевски Н., Јовковска, А. (2018). Православен аспект на душата со посебен осврт на разликата ум и разум. *За душата. Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружение на Класичните филозофи „Антика" и Филозофското друштво на Македонија*, Скопје (189-200).
- Јовковска, А. (2018). Застапеноста на христијанското образование во европските земји. *Современото христијанско образование – состојби, предизвици и очекувања – Зборник на трудови*, АПЕР „Просветление", Скопје (67-120).
- Jovkovska A., Zlateski P. (2019). Religious Education in Republic of Macedonia. *Religious Education at Schools in Europe Volume 5 South-East Europe*, eds. Rothgangel M., Skeie G., Jaggle M., Viena Universitty Press V&R unipress in Gottingen, (144-171).

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека тие се од областа на христијанската педагогија. Трудовите на кандидатката д-р Анета Јовковска ја покажуваат нејзината посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на педагошките феномени, состојби и предизвици на христијанското образование и воспитание. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научно истражувачката проблематика од областите за кои е бирана.

Кандидатката д-р Анета Јовковска е автор на монографија/научно издание со наслов „Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents" во издание на LAP - LAMBERT Academic Publishing. Во оваа научна монографија д-р Анета Јовковска, третира значајно подрачје од педагошко-психолошки карактер кое се осврнува на духовна тематика поврзана со вредностите и вредносните ориентации.

Авторката со право истакнува дека, во научните истражувања најмалку внимание е посветено на проучувањето на односот на духовноста и образованието. Често протерана од образовниот дискурс и практика, духовноста останала недоволно проучена како особина која се развива преку воспитно-образовниот процес.

Во монографијата се сублимирани научно вредни информации за состојбите во врска со влијанието на видот на образованието кај адолесцентите врз нивниот духовен развој, религиозноста и вредносните ориентации. Богатството на конотации и задлабоченоста во анализата на определени состојби по однос на предметот на истражување и овозможило на авторката преку продуктивна асоцијација да наметне и нови цели за истражување. Нивото на информираност, употребата на стручната терминологија, содржината на критичките коментари, релевантноста на теориската и емпириската елаборација успешно се направени и достигнати се научните цели. Добиените резултати и сознанија од истражувањето претставуваат научна основа на која можат да се надоградуваат нови форми значајни за градење на вредностите и вредносните ориентации кај адолесцентите.

Главниот научен придонес на оваа монографија од д-р Анета Јовковска се согледува во презентацијата на научно-теориските насоки во проучувањето на духовното и моралното воспитание во рамките на научната и христијанската педагогија. Авторката низ содржината на ракописот прави систематска анализа на клучните идеи и теории за секуларното, моралното и духовното образование, применувајќи интердисциплинарен пристап.

Практичните импликации на ракописот се лоцираат во основните процеси за подобрување на хуманизацијата во образованието преку аксиологизацијата, односно застапеноста на вредностите со важни содржински компоненти, кои играат значајна улога во воспитанието и во духовниот развој на ученикот.

Добиените податоци од ова истражување содржани во монографијата како и сознанијата стекнати од него упатуваат на понатамошни аспекти кои можат да се проучуваат. Станува збор за прецизно определена и исцрпно замислена тема, која презентира автентични научни резултати и осветлува еден значаен сегмент во развојот на духовноста, религиозноста и вредносните ориентации кај адолесцентите од филозофски, педагошки, психолошки и теолошки аспект.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Анета Јовковска од областа на **научно-истражувачката дејност** остварила вкупно **48,6** бодови и со тоа скоро за два и пол пати го надминала лимитот од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето доцент.

### 2.3. Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес

Во периодот од 2015 до 2019 година, д-р Анета Јовковска во стручно-применувачка дејност и дејностите од поширок интерес, своето внимание го фокусирала на следниве активности:

- Превод на книга од стручна област;
- Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри;
- Член на организациони одбори на меѓународни научни собири;
- Член на факултетски комисии и
- Проекти

Во контексот на оваа дејност особено го истакнуваме нејзиниот ангажман како автор и раководител на проектите: „Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents" (2017) и „Healing the Wounds of Trauma: How the Church Can Help" (2018).

Забележителни се и нејзините активности на Православниот богословски факултет во Скопје по однос на нејзиното активно и посветено вклучување во организациониот одбор на меѓународната научна конференција: *St. Sophia – "Wisdom has built her House" (Pr 9,1).*

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Анета Јовковска од областа на **стручно-применувачката дејност** остварила вкупно **5** бодови и **7** бодови од дејности од поширок интерес и со тоа го задоволува лимитот од 5 бодови кои се неопходни за избор во звањето доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, по разгледувањето на целокупно доставената документација од кандидатката, констатираа дека д-р Анета Јовковска ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на целосно презентираниот научен, наставен и стручен ангажман на д-р Анета Јовковска може да се согледа дека станува збор за афирмиран научен истражувач, со препознатлива физиономија и темелност во областите во кои повеќе години работи. Нејзиниот избор во академското звање доцент ќе придонесе за зајакнување на научниот капацитет и натамошен развој на Православниот богословски факултет во Скопје. Рецензентската комисија високо ја оценува нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-применувачка дејност.

Во согласност со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), Комисијата утврди дека д-р Анета Јовковска остварила вкупно **127,1** бодови, со што го надминува лимитот од 80 бодови кои се неопходни за избор во звањето доцент.

Од тие причини, ни претставува посебна чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да ја избере д-р Анета Јовковска во звањето **доцент** по предметите: **христијанска педагогија** и **христијанска методика на наставата**.

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Анета Баракоска, претседател**

---------------------------------------------------

**проф. д-р Ѓоко Ѓорѓески, член и**

---------------------------------------------------

**проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, член**

---------------------------------------------------

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Анета Милорад Јовковска***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научни дисциплини:** ***Христијанска педагогија со методика на религиската настава***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>**Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8.92**<br>**Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8.20**<br>**Просечниот успех изнесува 8.56 за интегрираните студии.** | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира: **Доктор по педагошки науки**.<br>Назив на научните области: **Христијанска педагогија со методика на религиската настава.**<br>Поле**: Образование.**<br>Подрачје: **Општествени науки.** | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br>**1.**<br>1. Назив на научното списание: **International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education.**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO HOST, SCOPUS, SJR - Scimago Journal-Q4.** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: ***The role of Education in the formation of values and value orientations among adolescents.***<br>4. Година на објава: **December 2014.** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>**2.**<br>1. Назив на научното списание: **International Journal For Education, Research And Training.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>**Вкупен број членови: 40; 14 од Македонија, 5 од Србија, 1 од Црна Гора, 3 од Италија, 3 од Русија, 2 од Германија, 4 од Хрватска, 1 од САД, 2 од Словенија, 1 од БиХ, 1 од Турција, 1 од Албанија, 1 од Романија, 1 од Бугарија.**<br>3. Наслов на трудот: **The Contribution of Multi-Cultural and Interreligious Education in Spiritual, Moral and Cultural Development of Students.**<br>4. Година на објава: **2016.** | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>**3.**<br>1. Наслов на книгата: **Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents,**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД **Germany**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **LAP - LAMBERT Academic Publishing, 2015 Saarbrücken, Germany.**<br>**4.**<br>1. Наслов на книгата: **Religious Education at Schools in Europe (Volume 5 South-East Europe)**<br>- Наслов на дел од книгата: **Religious Education in** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **Republic of Macedonia** (pages 144-171).<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: **Austria**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **Viena Universitty Press V&R unipress in Gottingen.** | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br>**5.**<br>1. Назив на зборникот: **Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата**<br>3. Имиња на земјите: Италија, Романија, Хрватска, Бугарија и **Македонија**<br>4. Наслов на трудот: **Воспитното значење на Светиклиментовите слова и поуки**<br>5. Година на објава: **2016.**<br>**6.**<br>1. Назив на зборникот: **За душата**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **За душата**<br>3. Имиња на земјите: **Македонија, Германија, Хрватска, Бугарија, Тајван, Словенија**<br>4. Наслов на трудот: **Православен аспект на душата со посебен осврт на разликата ум и разум.**<br>5. Година на објава: **2018.** | ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Датум на објава _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи:<br>2. Место и година на објава: | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото

образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат  на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Анета Милорад Јовковска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научни дисциплини:** ***Христијанска педагогија со методика на религиската настава***

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **Зимски семестар 2015/16 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- ислам - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2015/16 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- дидактика со педагошка психологија – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2016/17 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- ислам - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2016/17 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- дидактика со педагошка психологија – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2017/18 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2017/18 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- дидактика со педагошка психологија – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2018/19 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2018/19 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно | 31,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | (вкупно 75 часа);<br>- дидактика со педагошка психологија – 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Вкупно 780 часа** | |
| **2.** | **Одржување на вежби** | |
| | **Зимски семестар 2015/16 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Летен семестар 2015/16 година:**<br>- дидактика со педагошка психологија – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2016/17 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Летен семестар 2016/17 година:**<br>- дидактика со педагошка психологија – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2017/18 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Летен семестар 2017/18 година:**<br>- дидактика со педагошка психологија – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2018/19 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа);<br>- библиско и светоотечко учење за воспитанието – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Летен семестар 2018/19 година:**<br>- дидактика со педагошка психологија – 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Вкупно 240 часа** | 7,2 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | 0,8 |
| **4.** | **Подготовка на *нов* предмет** | |
| | 1. Дидактика со педагошка психологија (предавања и вежби) | 1,5 |
| | 2. Библиско и светоотечко учење за воспитанието (предавања и вежби) | 1,5 |
| **5.** | **Интерна скрипта од предавања** | |
| | 1. Интерна скрипта од предавања по предметот *христијанска педагогија* | 4 |
| | 2. Интерна скрипта од предавања по предметот *христијанска методика на наставата* | 4 |
| | 3. Интерна скрипта од предавања по предметот *библиско и светоотечко учење за воспитанието* | 4 |
| | 4. Интерна скрипта од предавања по предметот *ислам* | 4 |
| **6.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | 1. Пакет материјали за предметот *дидактика со педагошка психологија* | 1 |
| **7.** | **Менторска настава** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Член на Комисија на одбрана на дипломски труд (3 пати) | 0,3 |
| **8.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | 1. 310 часа практична настава за гешталт психотерапевт како едукант во Гешталт центарот „Младен Костиќ – Аспекти" во Скопје, акредитиран од Европската акредитација за гешталт психотерапија (ЕАГТ); | 1 |
| | 2. Учесник на работилница: „1st European Deaf Christian Bible Translation Training", Барселона, Шпанија 1-4 ноември 2017; | 1 |
| | 3. Учесник на CPD Workshop „Character styles – relational gestalt experience", Скопје, 10-11 март 2018; | 1 |
| | 4. Учесник на специјализирана обука за Trauma Healing Fascilitator, Белград, Србија, 3-6 октомври 2018; | 1 |
| | 5. Учесник на работилница: „Most Significant Change" – MSC Technique, во организација на Екуменската иницијатива на жените, Скопје, 19-20 мај 2017 и 29-30 март 2019; | 1 |
| | 6. Учесник на CPD Workshop „Embodied intersubjectivity – dialogue in experience of anxiety and dissociation", Скопје, Македонија, 13-14 април 2019; | 1 |
| | 7. Учесник на напредна обука за Trauma Healing Fascilitator, Љубљана, Словенија, 28 август -1 септември 2019; | 1 |
| | **Вкупно** | **66,5** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Монографија објавена во странство** | |
| | 1. Jovkovska, A. (2015). Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents, LAP - LAMBERT Academic Publishing, ISBN-10: 9783659813016, ISBN-13: 978-3659813016; ASIN: 365981301X, 248 pages. | 12 |
| **2.** | **Дел од монографија објавена во странство** | |
| | 1. Jovkovska A., Zlateski P. (2019). Religious Education in Republic of Macedonia. *Religious Education at Schools in Europe Volume 5 South-East Europe*, eds. Rothgangel M., Skeie G., Jaggle M., Viena Universitty Press V&R unipress in Gottingen, (144-171). | 5,4 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | 1. Jovkovska, A. (2016). The Contribution of Multi-Cultural and Interreligious Education in Spiritual, Moral and Cultural Development of Students (Придонес на мултикултурното и меѓурелигиското образование во духовниот, моралниот и културниот развој кај учениците). *Internacional Journal for Education Research and Training (IJERT) Volume 2, Issue 1,* November 2016 ISSN 1857-9841 (Printed) ISSN 1867-985X (Online). Eds. Kostov B., Barakoska A., Tomevska-Ilievska E., Tasevska A., Rizova E. Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij", Filozofski fakultet, Institut za Pedagogija, Skopje UDK: 37.035:316.723-021.463(497.7) pages (17-30). | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Jovkovska, A., Barakoska, A. (2014). *The role of Education in the formation of values and value orientations among adolescents.* (IJCRSEE) International Journal of Cognitive Research in science, engineering and education. Vol. 2, Issue.2, December 2014 (21-28). | 4,5 |
| **4.** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| | 1. Јовковска, А. (2016). Воспитното значење на Светиклиментовите слова и поуки. *Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата. Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови.* Православен богословски факултет, Скопје (231-248). | 3 |
| | 2. Илиевски Н., Јовковска, А. (2018). Православен аспект на душата со посебен осврт на разликата ум и разум. *За душата. Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружение на Класичните филозофи „Антика" и Филозофското друштво на Македонија,* Скопје (189-200). | 2,7 |
| **5.** | **Трудови објавени во Зборник на трудови на високо-образовна институција** | |
| | 1. Јовковска, А. (2015). Територија на согласност помеѓу современата и православната педагогија во однос на духовното образование. *Годишен зборник. Книга 20.* Православен богословски факултет, Скопје (219- 236). | 2 |
| **6.** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | 1. Јовковска, А. (2018). Застапеноста на христијанското образование во европските земји. *Современото христијанско образование – состојби, предизвици и очекувања – Зборник на трудови,* АПЕР „Просветление", Скопје (67-120). | 2 |
| **7.** | **Апстракт објавен во Зборник на меѓународна конференција** | |
| | 1. Илиевски Н., Јовковска, А. (2016). Православен аспект на душата со посебен осврт на разликата ум и разум. *За душата. Книга на апстракти од Меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружение на Класичните филозофи „Антика" и Филозофското друштво на Македонија,* Скопје | 1 |
| | 2. Јовковска, А. (2016). Воспитното значење на Светиклиментовите слова и поуки. *Книга на апстракти Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата. Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови.* Православен | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | богословски факултет, Охрид. | |
| **8.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | 1. Регионална конференција на Екуменската иницијатива на жените – реферат на тема: „Žene koje brda premiještaju", Омиш, Хрватска, 6-8 ноември 2015; | 1 |
| | 2. Меѓународна научна конференција „За душата" – реферат на тема: „Православен аспект на душата со посебен осврт на разликата ум и разум", МАНУ — Институт за македонски јазик — Филозофски факултет, Скопје, 1-3 јуни 2016; | 1 |
| | 3. Меѓународна научна конференција „Педагогијата во современото општество" – реферат на тема: „The Contribution of Multi-Cultural and Interreligious Education in Spiritual, Moral and Cultural Development of Students", Охрид, Македонија, 19-21 септември 2016; | 1 |
| | 4. Годишна конференција на IKETh (Interreligious Conference of European Women Theologians) – реферат на тема: „To what extent do religions play a role in the present refugees´situation?", Православна Духовна Академија на Крит, Колимбари, 23-27 септември 2016; | 1 |
| | 5. Меѓународна научна конференција „St. Clement of Ohrid – Clemency in the Bible and in the Church" – реферат на тема: „Воспитното значење на Светиклиментовите слова и поуки", Охрид, Македонија, 20-22 октомври 2016; | 1 |
| | 6. Конференција на професорите по Етика во религиите – изложување на тема: „Христијанското образование во Европа", Битола, Македонија, 28-29 октомври 2017; | 1 |
| | 7. Научна конференција „Предание и мисија" – реферат на тема: „Посакувани особини и компентенции на наставниците по духовно образование и воспитание според примерот на свети Климент Охридски и современите сознанија на православната христијанска педагогија и психологија", Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 7 декември 2017; | 1 |
| | 8. Годишна конференција на Екуменската иницијатива на жените – реферат на тема: „Together in Diversity", Омиш, Хрватска 25-26 април 2018; | 1 |
| | 9. Годишна конференција на IKETh (Interreligious Conference of European Women Theologians) – реферат на тема: „Shared Values Among Faiths", Омиш, Хрватска, 27 април-1 мај 2018; | 1 |
| | 10. Втор Светиклиментов научен собир „Вера и општество" – изложување на тема: „Современи проблеми на православното христијанско образование и воспитание", Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 7 декември 2018; | 1 |
| | **Вкупно** | **48,6** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Превод на книга од стручна област** | |
| | 1. Јовковска, А. (2017). Образованието, духовноста и вредносните ориентации кај адолесцентите (проширено издание), издавач: Анета Јовковска, Скопје ISBN 978-608-245-236-4, 318 страни. | 3 |
| 2. | **1. Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | |
| | 1. „Меѓурелигиски час" во организација на Фондацијата Конрад Аденауер во соработка со Православниот Богословски Факултет и Факултетот за Исламски Науки од Скопје – предавање на тема: „Верата на жените од светите списи", Велес, 12 мај 2018. | 0,5 |
| | 2. Екуменски форум на жените теолози – предавање на тема: „Световен и религиозен поглед на улогата на жената во општеството", Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 05 април 2019. | 0,5 |
| 3. | **2. Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | 1. Член на Комисијата за кредит-трансфер системот на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | **5** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста<br>3. | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **4. Проекти** | |
| | 1. Автор и раководител на проектот: „Education, Spirituality and Value Orientations of Adolescents" (2017) | 2 |
| | 2. Автор и раководител на проектот: „Healing the Wounds of Trauma: How the Church Can Help" (2018). | 2 |
| | 3. Координатор на проекти при Библиското здружение на Република Македонија | 1 |
| 2. | **5. Член на организационен одбор на меѓународен научен-стручен собир** | |
| | 6. Член на организациониот одбор на меѓународната конференција: St. Sophia – "Wisdom has built her House" (Pr 9,1), 11-13 Октомври 2019, Охрид | 1 |
| 3. | **7. Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | 1. Член на ALUMNI Асоцијацијата (од 2009 година) | 1 |
| | **Вкупно** | **7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 66,5 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 48,6 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 5 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 7 |
| Вкупно | 127,1 |

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Анета Баракоска, претседател**

---

**проф. д-р Ѓоко Ѓорѓески, член и**

---

**проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, член**

---